РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 08 - 807/1
29.03.2016 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 24 и член 31 став (2) точката 32 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15), согласно член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, број. 01-1089/1 од 04.07.2006 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на 28.03.2016 година донесе

# **КОДЕКС**
## **за набљудување на теренските проверки на избирачкиот список 2016 година**

Кодексот има за цел да ги утврди процедурите за набљудување на теренските проверки на неконзистентните записи во избирачкиот список, март – април 2016 година, а во функција на транспарентноста и стекнување доверба во целиот процес.

### 1. ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

Правилата за набљудување претставуваат збир од практични насоки за начинот на спроведување на набљудувањето.

1.1. Акредитираните набљудувачи ТРЕБА:

– да ги познаваат и почитуваат одредбите на Изборниот законик, Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренска проверка заради ажурирање на истиот, Упатството за вршење на теренските проверки и овој Кодекс и да се придржуваат кон одредбите од истите.
– да се непристрасни во извршувањето на своите должности при што не смеат да изразат пристрасност кон контролорите, набљудувачите од политичките партии или по какво било спорно прашање во процес;
– да носат на видно место овластување - беџ издаден од Државната изборна комисија,

како и лична исправа;

- своите заклучоци треба да ги засноваат на документирани и потврдени факти.

1.2. Акредитираните набљудувачи НЕ СМЕАТ:

- да влијаат на било кој начин врз процесот, контролорот, анкетарот и/или набљудувачите од политичките партии;
- да носат партиски симболи или ознаки;
- да даваат упатства на контролорите, анкетарите, набљудувачите од политичките партии и/или граѓаните;
- да влијаат на работата и одлуките на контролорите, анкетарите, набљудувачите од политичките партии и/или граѓаните;

## 2. УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

2.1. Барање за стекнување својство на набљудувач:

- Право да достават барање за стекнување својство на набљудувач до Државната изборна комисија ИМААТ домашни здруженија и странски организации (кои се регистрирани согласно закон, најмалку една година пред денот на одржување на теренската проверка, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човековите права), меѓународни организации и претставници на странски земји.

2.2. Барање за набљудување:

- Барањата за набљудување со потребните исправи за идентификација се доставуваат до Државната изборна комисија.

2.3. Овластување за набљудување:

- Државната изборна комисија им издава овластување - беџ на набљудувачите веднаш а најдоцна два дена по приемот на барањето.
- Организациите и лицата кои се стекнале со својство на акредитирани набљудувачи можат да вршат набљудување откако ќе го добијат овластувањето од Државната изборна комисија.
- Државната изборна комисија има право да им го одземе овластувањето и беџот на субјектите од став 1 на оваа точка, ако се однесуваат спротивно на правилата од овој Кодекс.

2.4. Информирање за текот на теренските проверки:

- Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на теренските проверки и активностите поврзани со нивното набљудување.

## 3 ПРАВО НА ПРИСТАП И ЛЕГИТИМИРАЊЕ:

- Овластените набљудувачи имаат право на пристап само во просториите на Подрачните

одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија.

- Од исто здружение / организација, која е акредитирана да ја следи теренската проверка на избирачкиот список, на исто Подрачно одделение или канцеларија на Државната изборна комисија може да има само еден набљудувач.
- Овластените набљудувачи немаат право и не смеат да присуствуваат на терен односно во живеалиштата на лицата кои се предмет на теренските проверки ниту можат да бидат дел од тимот на анкетари и набљудувачи предложени од политичките партии кои ја вршат теренската проверка.
- Овластените набљудувачи немаат пристап и не смеат да го имаат и/или поседуваат анкетниот прашалник или да имаат копија од анкетниот прашалник.
- При посетата на седиштата на Подрачните одделенија и Канцеларии на Државната изборна комисија, набљудувачите ги покажуваат: копијата од овластувањето за набљудување и беџот, издадени од Државната изборна комисија и исправа за лична идентификација.

4. Овој Кодекс влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави на интернет страницата на Државната изборна комисија www.sec.mk

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**